**ОСНОВЕН СУД - БЕРОВО**
**Су.бр.04-68-1/20 година**
**03.12.2020 година**
**Б е р о в о**

ВД Претседателот на Основен суд - Берово, Илија Стојанов, врз основа на чл.36 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14 и чл.15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба, а в.в. со спроведената постапка по објавен јавен оглас бр.1/20 за вработување на судски референт - дактилограф, а по доставениот Предлог на кандидат за вработување од страна на Комисијата за селекција Су.бр.04-68/20 од 30.11.2020 година, на ден 03.12.2020 година, ја донесе, следната,-

## О Д Л У К А

За работно место судски референт - дактилограф на неопределено работно време во Основен суд - Берово, по објавен оглас бр.1/20, се избира кандидатот МАРИЈА СПАСЕВСКА од Пехчево.

Решение за вработување ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 27.10.2020 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, Основен суд во Берово објави оглас за вработување на судски референт - дактилограф - 1 (еден) извршител на неопределено работно место со горенаведените звања.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување согласно чл.35 ст.1 од Законот за судска служба, како и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесувањето на пријавите, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверка на веродостојноста на доказите, и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање, и максимален број на бодови од постапката за селекција, во завиност од категоријата на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници од страна на Комисијата за селекција за вработување до ВД Претседателот на Основен суд - Берово доставен е предлог на кандидат за вработување на работно место дактилограф со звање судски референт - 1 извршител под Су.бр.04-68/20 од 30.11.2020 година.

Со предлогот на кандидат за вработување, Комисијата за селекција за вработување го предлага кандидатот Марија Спасевска од Пехчево, ул.Ванчо Китанов бр.36, како најдобар рангиран кандидат - прв на ранг листата, со вкупно освоени бодови 83,8 од сите фази на селекцијата.

ВД Претседателот на Основен суд - Берово, имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за вработување Су.бр.04-68/20 од 30.11.2020 година, за работно место судски референт - дактилограф, го избира кандидатот Марија Спасевска од Пехчево.

Поради наведеното, а согласно чл.36 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на Одлуката.

**ВД Претседател на судот,**
**Илија Стојанов**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8 дена преку овој суд до Советот на судска служба.